29227

Isečak iz lista
Newspaper cutting

ЕКРАН
Скопје
27 AUG. 1982 ,615, 34,



СИМЕОН ШЕМОВ И
НИКОЛА ФИДАНОВСКИ—КОЧО:
ЦРТЕЖ ПОД НЕБОТО

# БОЈАТА МОРА ДА ОСВЕЖУВА

Во рамките на Скопско културно лето во Музејот на современата уметност, организирана е манифестацијата „Интервенции во простор". Гости од 21. до 31 август се **Симон Шемов** и **Никола Фидановски-Кочо.** Со нив поведовме разговор за интервенцијата во просторот и проблемите околу неа. За тоа Шемов ни рече:

● Во нашето интервенирање требаше да ни пружи помош и Театарската работилница од Скопје, но бидејќи сега за нив е мртва сезона, а артистите се на одмор, а и поради ненавременото договарање, некои од замислите не можевме да ги реализираме, па така мислам дека ефектот што требаше да го оставиме ќе биде намален и ако нашето интервенирање се надевам и вака ќе остави силен впечаток.

**— Каде и кој се ќе учествува во реализирањето на замислата за интервенциите?**

● Работата ќе се врши на скалите, ѕидовите и околу зградата на Музејот на современата уметност и на платоата, а учество ќе земат екипи на младинци и поединци. Интересно е да се спомене дека учество ќе земат и странски уметници кои моментно престојуваат во Скопје. Покрај тоа ќе работат и членови на Друштвото на млади кавадаречки уметници, студенти од Факултетот за ликовни уметности, ентузијасти од Вишата педагошка академија и од другите школи, како и наши колеги. Меѓутоа, акцијата е слободна и го повикуваме секој оној што ќе почувствува дека една ваква акција може инспиративно да го покрене, да дојде.

**— Како ќе се реализира интервенцијата?**

● Интервенцијата ќе се реализира со боја, Ќе се бојат големи површини со разнобојни бои, а ќе интервенираме и врз предмети кои го загубиле првобитниот изглед. Ние, се разбира, со бојата, ќе интервенираме така што ќе му дадеме нов и живописен изглед на предметот.

Нема да бидат изоставени ни приодните скали, платоата, просторот околу зградата на Музејот на современата уметност и дотрајаните предмети кои со нашата интервенција ќе добијат нов изглед.

Во акцијата е вклучено и реализирањето на еден поголем, ако може така да се каже, воздушен објект, кој ние го нарековме „Цртеж под небото". Тука спаѓа и создавањето на една колективна скулптура. Реализацијата на таа скулптура ќе се одвива на следниот начин: посетителите по сопствена желба во еден провиден бокс ќе уфрлаат боени отпадоци од ноерганска материја, потоа, секој од учесниците ќе остави адреса за да добие фотографија од готовата скулптура. Таа, скулптурата, ќе остане трајно изложена во музејот.

Завршувањето на интервенцијата ќе биде свечено одбележан со вистинска експлозија на бои, а потоа ќе се оди во Сули ан каде ќе се чита поезија од Струшките вечери на поезијата.

Инаку, Симон Шемов и Никола Фидановски Кочо се познати македонски уметници од средната генерација уметници.

Симон Шемов е роден во Кавадарци во 1941 година. Академија за ликовна уметност има завшрено во Белград во 1964 година, а постдипломски студии во Лондон, во Сладе Скхол оеф фине ат. Член е на ДЛУМ од 1964 г. и на Лондонското здружение на ликовни уметници. Студентски патувања има во СССР, Франција, Англија, Германија и други земји. Зеле учество на повеќе групни изложби во Скопје,Ниви Сад, Белград, Струга, Сараево, Загреб, Истанбул, Анкара, Охрид. Добитник е на повеќе награди како што се „Нерешки мајстори" 1968, награда на весникот „Млад борец" 1969, а 1975 откупна награда над идејното решение на фонтаната во Градскиот парк во Скопје.

Никола Фидановски Кочо е роден во Битуша, Дебарско. Академија за ликовни уметности и постдипломски студии завршил во Белград. Член е на ДЛУМ од 1971 година на Студиски патувања бил во Англија, Франција, Германија, Австрја, Унгарија Шпанија и Португалија. Самостојно, излагал во Белград и Вараждин, а учествувал како излагач на повеќе групни изложби во Скопје, Куманово, Битола, Струга, Нови Сад, Сомбор, Штип, Пезаро, Урбино, Титоград и Сараево. Добитник е на наградите: „Нерешки мајстори" во 1973 награда на весникот „Млад борец" за 1974 и откупна награда за идејното решение за фонтаната во Градскиот парк во Скопје.

М. П.